# Ден на мајчиниот јазик

21 февруари меѓународен ден на мајчиниот јазик со цел да се прослават повеќе од 6000-илјади различни јазици кои се зборуваат во светот.За наша голема загуба,можно е дел од јазиците да изумрат во скоро време,но својот  мајчиниот јазик секогаш ќе остане како жар во нашите срца.Нема поголема гордост од тоа својот мајчин јазик да го прикажеме како едно расцутено цвеќе полно со листови,нови знаења и нови почетоци.Да се твори,пишува и говори на својот мајчин јазик е голема чест и задоволство со кој секој Македонец треба да се гордее.

Јазикот е најголемото културно наслетство кое треба да се зачува.Негувањето на мајчиниот јазик е нешто кое секој човек треба да го прави со големо задоволство,бидејќи некој се мачел со цртички и рески да ја создаде азбуката,односно кирилицата и глаголицата,за да не описмени како и сите други народи и ние да имаме свој јазик.Јазикот е нешто со што секој Македонец треба да се гордее,бидејќи тоа е нашето најголемо духовно богатвство.Исто така треба да го чуваме како нешто најсвето кое ни го оставиле нашите предци,со цел дека ние понатака ќе го пренесуваме од колено на колено.Исто како што го направија тоа нашите свети браќа Кирил и Методиј.Јазикот кој ние го зборуваме е наш мајчин јазик,односно ние треба да го користиме многу повеќе одошто мислиме.Нашиот јазик има своја историја која треба да ја знае секој Македонец и да се гордее со истата.Љубовта кон својот мајчин јазик треба да е богата со восхит и задоволство,на мајчиниот јазик да бидат испишани најубавите творби,да бидат испеани најубавите песни и да има безброј убави мисли и зборови.Само така може да успееме во своите цели со упорност и љубов кон она што го сакаме.

Изработила:Нина Лазарова VIIIб